Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

Скопје, мај 2020 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ 143/19 и 14/20), министерот за финансии, донесува

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

### Член 1

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии број 01-7191/2 од 24.04.2015 година, број 01-7191/5 од 13.05.2015 година, број 01-7191/7 од 11.06.2015 година, број 01-7191/8 од 18.06.2015 година, број 01-7191/9 од 24.06.2015 година, број 01-7191/12 од 16.07.2015 година, број 01-7191/14 од 23.09.2015 година, број 01-7191/16 од 20.10.2015 година, број 01-7191/18 од 23.11.2015 година, број 01-496/1 од 13.01.2016 година, број 01-496/4 од 04.08.2016 година, број 01-496/6 од 29.08.2016 година, број 01-7726/1 од 03.08.2017 година, број 01-6174/1 од 21.05.2018 година, број 01-6174/2 од 20.06.2018 година, број 01-6174/5 од 05.12.2018 година, број 01-10930/2 од 12.12.2019 година и број 01-10930/3 од 30.12.2019 година и тоа:

### Член 2

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка 14. Сектор за финансиски прашања, се вршат следните изменувања и дополнувања:

- Во потточка 14.1. Одделение за сметководство и плаќање, по работното место со реден број 384, се додава ново работно место 384-а кое гласи:

| 14. Сектор за финансиски прашања | |
|---|---|
| 14.1. Одделение за сметководство и плаќање | |
| **Реден број** | 384-а |
| **Шифра** | УПР0101В03000 |
| **Ниво** | В3 |
| **Звање** | Виш соработник |
| **Назив на работно место** | Виш соработник за сметководствени работи |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на одделение |
| **Вид на образование** | економски науки или организациони науки и управување (менаџмент) |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Спроведува рутински работи како поддршка на одредени функции од делокругот на одделението во согласност со упатствата дадени од раководителот на одделението |
| **Работни задачи и обврски** | – врши анализа и обработка на податоците од евидентните листови за редовност за министерството и органот во состав без својство на правно лице;<br>– врши пресметка за бруто плати, даноците и придонесите на платите иподготвува листи за бруто плата, додатоци и одбитоци од плати и подготвува |

| | |
|---|---|
| | налози поврзани со исплатата на бруто плата;<br>– ги подготвува потребните обрасци и извештаи до секторот за буџети фондови и Управата за јавни приходи;<br>– подготвува соодветни обрасци за надоместоците на боледувања кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување;<br>– подготвува месечен, полугодишен и годишен статистички извештај за бруто платите;<br>– подготвува потврди за висината на остварени плати на вработените по нивно барање;<br>– подготовка на кореспонденција од делокруг на Одделението за сметководство и плаќање,<br>– учествува во книжење на сметководствени исправи во дневник, главна книга и помошни книги;<br>– учествува во изготвување на завршна сметка на Министерството и<br>– ги следи и применува прописите од областа на финансиско-сметководственото работење. |

- Во потточка 14.2 Одделение за буџетска координација, работното место под реден број „392. Виш референт - благајник," со шифра УПР0101Г02000 се брише.

Член 3

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 4

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 01-4131/1
20-03-2020 година
СКОПЈЕ

Министер за финансии
д-р. Нина Ангеловска

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Ministria e Financave
Скопје - Shkup
IV

Изработил: Александра Лулкоска
Проверил: Верица Стоилова
Согласен: Татјана Васева
Проверил: м-р Татјана Трајковска
Тања Танеска Лазаревска
Ана Арсовска
Одобрил: Јулијана Петановска